Предлог

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и 11 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.202/24), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) член 2 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25 и 212/26), член 4 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25, 148/26 и 212/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 17/25 и 06/26), во глава „III. Финансирање“ се вршат следните изменувања:

Во табеларниот преглед, во реден број 1 „Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт“, износот „2.180.000,00“ се заменува со износот „1.900.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 1.1 „Електрична енергија“, износот „500.000,00“ се заменува со износот „250.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 1.2 „Вода, канализација и ѓубретарина“, износот „300.000,00“ се заменува со износот „250.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 1.5 „Трошоци за интернет и друга комуникација“, износот „250.000,00“ се заменува со износот „270.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 1.6 „Горива и масла“, износот „320.000,00“ се заменува со износот „270.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 1.7 „Регистрација на моторни возила“, износот „100.000,00“ се заменува со износот „150.000,00“.

Во табеларниот преглед, во реден број 2 „Поправки и тековно одржување“, износот „1.230.000,00“ се заменува со износот „1.080.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 2.2 „Поправка и сервисирање на возила“, износот „650.000,00“ се заменува со износот „500.000,00“.

Во табеларниот преглед, во реден број 4 „Техничка и заштитна опрема“, износот „1.170.000,00“ се заменува со износот „1.420.000,00“.

Во табеларниот преглед, во реден број 5 „Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди“, износот „30.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Во табеларниот преглед, во реден број 7 „Расходи за заштита и спасување“, износот „700.000,00“ се заменува со износот „570.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 7.2 „Надомест на комисија за процена на штети“, износот „50.000,00“ се заменува со износот „20.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 7.3 „Ревитализација после елементарни непогоди“, износот „150.000,00“ се заменува со износот „50.000,00“.

Во табеларниот преглед, во ставка 8 „Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти (Развојна програма ЊАН)“, износот „ 18.210.546,00“ се заменува со износот „5.106.981,00“.

Во табеларниот преглед се додава нова точка 11. „Финансиски средства за плати и надоместоци за вработени во ТППЕ“ со предвидени средства во износ од 7.000.000,00 денари.

Во делот „Вкупно“ износот „24.380.546,00“ се заменува со износот „17.936.981,00“.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Со предложеното изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2026 година, вкупно предвидените средства од 24.380.546,00 денари се намалува на 17.936.981,00 денари, односно за -6.443.565,00 денари, согласно износите утврдени со вториот ребаланс. Во прилог е табеларен преглед на предвидените средства.

Табела

Ред. Бр.	**Активности**	**Предвидени средства**
1.	Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	1.900.000
1.1	Електрична енергија	250.000
1.2	Вода, канализација и ѓубретарина	250.000
1.3	Други комунални услуги	10.000
1.4	Течни горива - нафта за греење	700.000
1.5	Трошоци за интернет и друга комуникација	270.000
1.6	Горива и масла	270.000
1.7	Регистрација на моторни возила	150.000
2.	Поправки и тековно одржување	1.080.000
2.1	Резервни делови	300.000
2.2	Поправка и сервисирање на возила	500.000
2.3	Сервисирање на ПП апарати	130.000
2.4	Набавка на гуми	150.000
3.	Облека – униформи и обувки	300.000
4.	Техничка и заштитна опрема	1.420.000
5.	Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди	0
6.	Непредвидени трошоци	60.000
7.	Расходи за заштита и спасување	570.000
7.1	Средства за опрема на просторните сили за заштита и спасување	500.000
7.2	Надомест на комисија за процена на штети	20.000
7.3	Ревитализација после елементарни непогоди	50.000
8.	Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти (Развојна програма ЊАН)	5.106.981
9.	Сервис на дишни апарати	100.000
10.	Средство за гаснење пожари	400.000
11.	Финансиски сретства за плати и надоместоци за вработени во ТППЕ	7.000.000
	Вкупно	**17.936.981**